ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

www.dpd.org.mk

2023



ЗА НАС

Ние сме доброволна, непрофитна, хумана организација од доменот на противпожарната заштита, која во континуитет работи и функционира од 1935 година. Со голема љубов и посветеност ние гаснеме пожари за зголемување на безбедноста на целокупното население и приридата. Нашите членови секогаш се подготвени да одговорат на потребите и барањата на заедницата, а со тоа и го надополнуваат недостатокот од пожарникари кој постои во противпожарниот сектор во државата. Имаме стекнато голема доверба од страна на населението, благодарејќи на добро обучениот тим, организациската структура и одличната противпожарна опрема и возила со кои располагаме. Нашиот тим секогаш е подготвен за брзи интервенции предизвикани од различни елементарни непогоди (пожари, поплави, земјотреси, ерозии, ветрови), сообраќајни несреќи и епидемии (КОВИД-19), но и вложуваме особен труд во реализирање на нашата програма за едукативни и превентивни акции со цел градење свесни и совесни граѓани, како и градење на животни вештини кај децата и младината преку образовниот систем, со кои не можат да се стекнат преку програмите во образовниот процес.

ЦЕЛИ

ДПД Свети Николе ги дефинираше следните цели за периодот 2023 – 2026 и тоа:

- **Градење на функционална наменска гаража за 6 противпожарни возила;**
- **Постигнување на долгогодишна финансиска одржливост;**
- **Институционално јакнење на организацијата; и**
- **Градење на мрежа на доброволни противпожарни друштва во РМ.**

МИСИЈА

ДПД Свети Николе работи на превенција за заштита на животната средина и природата од пожари и други штетни влијанијана доброволна основа преку едукација и координација на граѓаните при директни акции и интервенции.

ВИЗИЈА

Свети Николе да биде заедница на здрави, среќни и совесни граѓани кои активно придонесуваат за превенција од пожари и останати елементарни непогоди, градејќи хармонија помеѓу човекот и природата.

ВРЕДНОСТИ

ДПД Свети Николе со своите прогресивни идеи базирани на еднаквост, партиципативност и консензус, активно работи на промоција на волонтеризмот во државата и истакнување на подзаборавените вредности во општеството, преку промоција на хуманоста, алтруизмот, филантропијата и другарството, како темелни во градење на просперитно, богато и безбедно општество, секогаш водени од подзаборавената парадигма:
„Не што општеството направило за Нас, туку што Ние можеме да направиме за него “.

РЕЗИМЕ

Доброволното противпожарно друштво Свети Николе (во понатамошниот текст: ДПД Свети Николе) во текот на годината спроведе повеќе од 150 активности кои беа предвидени и инцидентно се појавија, генерално во рамките на зацртаните цели за противпожарна превенција, едукација, реализација на тренинг сесии и спроведување на директни акции, произлезени од зацртаната годишна програма кон остварување на очекуваните резултати.
Активностите и постигнатите резултати се должат на годишната програма на ДПД Свети Николе, која финансиски е поддржана од страна на ЕЛС Свети Николе, повеќе донатори домашни и меѓународни, индивидуални донации од страна на наши подржувачи и поддршка во вид на давање на услуги и производи од страна на бизнис заедницата.

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА

- Активно учество на повеќе од 150 доброволни пожарникари во локализирањето на 27 урбани и шумски пожари и 19 разни технички интервенции;
- Извршен комплетен сервис, фарбање и донирани 4 зимски гуми за командно-теренско возило LAND ROVER - Filander од страна на еден од најголемите наши поддржувачи и член Влатко Пеев, сопственик на Автосервис "ПЕЕВ" Свети Николе. Целата подготовка за фарбањето беше во реализација на членови на ДПД под водство на Александар Данев, фарбањето го направи компанијата „Ѓонис" од Свети Николе;
- Реализиран проектот „Ги учиме најмладите за опасностите и постапките за безбедност при пожари" во рамките на проектот СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, кој го спроведува Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) во партнерство со Centar za promociju civilnog drustva (CPCD) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерство за надворешни работи на Кралството Норвешка.
- Спроведување на проектот „Преку Мреажа на доброволни противпожарни друштва , до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Македонија!!!", финансиски поддржан од страна на CRM - Европскиот механизам за граѓанска отпорност, која го спроведува проектот финансиран од ЕУ „Техничка помош за подобрување на поволната средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија"
- Учество на 6 членови на меѓународна вежба во Република Словенија во склоп на регионалниот модул за наспапување при поплави и шумски пожари во земјите од Западен Балкан и Република Турција IPA II Floods & Forest Fires и државниот модул на ДЗС на РСМ за наспапување на инциденти на територијата на Република Северна Македонија;
- Отпочната реализација на парнерски проект од програмата на Европската комисија ERASMUS + за градење на капацитети од областа на стручното образование и обука за возрасни со наслов: „Зајакнување на отпорноста и еластичноста со решенија насочени на национални и локални научни и практични активности за обуки за градење капацитети за подигнување на свеста за ризиците и влијанијата предизвикани од човек фактор" GROWTH;
- Работна посета на 2 претставника на партнерската организација Операција Флоријан од Велика Британија, во насока на продолжување на проектот за поддршката на пторивпожарниот сектор во државата, ставајќи акцент на доброволниот;
- Учество на повеќе од 40 наши членови на on-line работилници, форуми и обуки, организирани и реализирани од МЦМС, Цивика Мобилитас, Конект Скопје, Граѓански ресурсен центар, Дирекција за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, Министерство за одбрана на Република Северна Македонија;
- Набавена IT- опрема: десктоп, лаптоп, печатар, монитор, проектор, надворешен диск, и ергономски стол, преку проектот „Преку Мреажа на доброволни противпожарни друштва , до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Македонија!!!", финансиски поддржан од страна на CRM - Европскиот механизам за граѓанска отпорност, која го спроведува проектот финансиран од ЕУ „Техничка помош за подобрување на поволната средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" ;
- Спонзорство во износ од 10.000,00МКД од страна на општерстено одговорната осигурителна компанија „Македонија осигурување" VIENNA INSURANCE GROUP ;

- Донација на 2 (два) акумулуатора VESNA 75Ah за ПП-возило Mercedes 814D од страна на општествено одговорната компанија ТАБ-МАК Пробиштип;
- Донација на 12 шлемови и 15 комбинизони за шумски пожари од страна на наштите колеги од ДПД Постоина од Република Словенија;
- Донирани 2 користени десктоп компјутери од од страна на CRPM - Центар за истражување и креирање на политики Скопје;
- Традиционално спонзорство од страна на „Мечкуевска куќа - Пуже“ за прославата по повод патрониот празник „Богојавление“ ;
- Спонзорство од страна на „МИК“ Свети Николе и млекара „Николови“, од нивната широка палета на прехрамбени производи за настап на нашите ПП-единици при настанување на инциденти;
- Учество на специјалистичка обука за шумски пожари од модулот IPA II Floods & Forest Fires на ЕУ на нашиот член Александар Данев во Анадолија - Република Турција;
- Донирани 2 (два) пинг-понг рекети Carlton K9 од страна на Roy Barraclough од Operation Florian;
- Спроведена обука за настапување при шумски пожари на 6 наши членови од модулот IPA II Floods & Forest Fires на ЕУ во Старо Нагоричани - Куманово.
- Набавена правосмукалка SAMSUNG VCC 4550 Набавена правосмукалка SAMSUNG VCC 4550 за одржување на хигиена во просториите на ДПД Свети Николе.
- Донација на разна железарска роба од страна на општествено одговорната компанија Елеја-Змај Свети Николе.
- Пристапено кон мрежата за финансиска поддршка на граѓанските организации, мрежата е воспоставена од страна на Конент Скопје и фондацијата Аполонија од Гевгелија.
- Изработени планови за авакуација за ООУ „Свети Кирил и Методиј“ и ООУ“Гоце Делев“.

Во спроведувањето на годишната програма не се реализираа сите предвидени активности од аспект натоа што располагаме со скромни финансиски средства, обезбедени од страна на Градоначалникот преку програмата за поддршка на граѓанските организации. Тука е и незаинтересираноста и немањето на сенс од страна на надлежните државни чинители за противпожарната безбедност на населението и природата, како и тоталната инертност и незаитересираност на повеќето компании во општината и државата во насока на унапредување на состојбите во противпожарниот сектор во државата.

РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023 ФИНАНСИРАНА ОД СТРАНА НА ЕЛС СВЕТИ НИКОЛЕ

Во календарската 2023 година ДПД Свети Николе спроведе 90% од предвидените активности од својата годишна програма финансирана од страна на единицата на локална самоуправа Свети Николе.

ЕДУКАТИВЕН ДЕЛ - ОБУКИ

- 2 работилници по 5 работни часа за противпожарна тактика за гасење на урбани пожари на работилниците земаа активно учество 8 члена;
- Спроведени 6 часовна работилница за 4 учесници, за запознавање со ризик фактори за настанување на сообраќајни несреќи;
- 8 - часовна едукација на 4 члена за запознавање на опрема за опасни материи - HAZMAT (hazardous materials)
- Спроведена 10 часовна обука за користење на дишни апарати за 4 пожарникари;
- Едикација на 8 членови за користење на опремата за интервенции при сообраќајни несреќи.

ПРАКТИЧНИ ОБУКИ

- Спроведена 12 часовна обука на 2 тима од по 4 члена пожарникари за работа со 10,5 метарска скала и тренинг со ПП-млазници и ПП-црева (всмукувачки и потисни);
- Одржана 16 часовна обука на 4 пожарникари за работа за користење на 13,5 метарска ПП-скала и работа со сите видови на пумпи со кои располага ДПД;
- Трансферирана обука за користење на дишни апарати во времетраење од 12 часа на 2 тима од по 2 учесника;

НАСТАПУВАЊЕ НА ПОЖАРИ ВО 2023

Учество на повеќе од повеќе од 150 доброволни пожарникари во локализирањето на пожари во 2023 година на 27 пожари.











ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Реализирани 19 различни технички интервенции.




ОБУКИ 2023

ОБУКА за шумски пожари „СЛОВЕНИЈА 2023“

Учество на 6 членови на меѓународна вежба во Република Словенија во склоп на регионалниот модул за наспапување при поплави и шумски пожари во земјите од Западен Балкан и Република Турција IPA II Floods & Forest Fires и државниот модул на ДЗС на РСМ за наспапување на инциденти на територијата на Република Северна Македонија









Специјалистичка обука за шумски пожари - ТУРЦИЈА

- Учество на специјалистичка обука за шумски пожари од модулот IPA II Floods & Forest Fires на ЕУ на нашиот член Александар Данев во Анадолија - Република Турција.
- Спроведена обука за настапување при шумски пожари на 6 наши членови од модулот IPA II Floods & Forest Fires на ЕУ во Старо Нагоричани - Куманово.





— Проект GROWTH

На 01.01.2023 година, отпочна 3-годишниот партнерски проект од програмата на Европската комисија ERASMUS + за градење на капацитети од областа на стручното образование и обука за возрасни со наслов: „**Зајакнување на отпорноста и еластичноста со решенија насочени на национални и локални научни и практични активности за обуки за градење капацитети за подигнување на свеста за ризиците и влијанијата предизвикани од човек фактор**“,

Нашата организација изработи 3 модули од вкупноте 16-те и тоа: **Building Fires, Confined space и First Aid.**

List of participating organisations

#	Participating Organisation Legal Name	Country	Role
1	DIETHNES PANEPISTIMIO ELLADOS	EL	Coordinator
2	Volunteer Fire Department Sveti Nikole	North Macedonia	Partner
3	Emergency Management Agency-EMA	Kosovo * UN resolu	Partner
4	MANAGEMENT FORCE ERMC ShPK	Albania	Partner
5	HI POLIEX AD	Montenegro	Partner
6	RESHUB LTD	BG	Partner
7	BL Safety Solutions	XK	Partner
8	Institute of Management of Manmade and Natural Disasters-Panhellenic Network for Civil Protection and Crisis Management-SCE	EL	Associated
9	ENOSI PTYCHIOYCHON AXIOMATIKON YPAXIOMATIKON PYROSVESTIR OY SOMATEIO	EL	Associated

Cofined space

Construction: In the construction industry, confined spaces "Figure 2"can include trenches, excavations, and underground tunnels. Other examples include manholes, sewers, and utility vaults.



Figure 2: Examples of construction confined space

Mining: The mining industry uses confined spaces "Figure 3" such as underground mines, tunnels, and shafts. These spaces can be hazardous due to the presence of toxic gases, explosive dust, and the potential for cave-ins.




Figure 3: Examples of mining confined space

Energy: In the energy sector, confined spaces can be found in power plants, refineries, and other facilities that process or store hazardous materials. Examples include boilers, tanks, pipelines, and furnaces.



Figure 4: Examples of energy confined space

Transportation: Confined spaces can be found "Figure 5" in various modes of transportation, including ships, airplanes, and trains. Examples include cargo holds, fuel tanks, and engine compartments.



Figure 5: Examples of transportation confined space

It is difficult to determine which industry has the most confined spaces. However, some industries such as chemical processing or manufacturing, and mining typically have a higher concentration of confined spaces due to the nature of their work and







Проект

Успешно реализиран проектот: „**Ги учиме најмладите за опасностите и постапките за безбедност при пожари**“ во рамките на проектот СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, кој го спроведува Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) во партнерство со Centar za promociju civilnog drustva (CPCD) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерство за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Доброволното противпожарно друштво Свети Николе непречено, без одолжувања и со предвидената динамика ја спроведува интервенција од аспект на сите предвидени активности, резултати и индикатори, во насока за постигнување на главната цел да се креираат знаења кај децата-учениците од 1 до 5 одделение од основните училишта „Гоце Делчев“ и „Кирил и Методиј“ од Свети Николе и основно училиште „Даме Груев“ од с. Ерџелија. Со оваа активност ќе бидат опфатени 676 учесници или 53 паралелки, што е вкупниот број на евидентирани ученици во учебната 2022/2023 според податоците добиени од училиштата, како и посердно и непосредно вклучените во проектните активности, вработените во училиштата,родителите на учениците, односно нивните старатели, во однос на нивното разбирање на ризиците и опасностите од пожари и да се стекнат со вештини за безбедносните процедури за однесување при појава на пожар и други елементарни непогоди, како и за постигнување на специфичната проектна цел, за да се креираат потребни знаења кај децата и другите наведени целни групи, во однос на нивното разбирање на ризиците и опасностите од пожари и истите да се стекнат со вештини за безбедносните процедури за однесување при појава на пожар и други елементарни непогоди.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ:

- Реализирани 4 договорни состаноци со партнерите и потпишани Меморандуми за соработка;
- Формиран тим од 2 едукатори;
- Комисија за оценување на ликовни творби;
- Реализирани 26 едукативни работилници;
- Пристигнати 89 ликовни творби
  - Ликовна изложба „Народен музеј“Свети Николе
- Изработено кратко промотивно видео „ЗАСТАНИ, ЛЕГНИ, ТРКАЛАЈ СЕ!!!“;
- Изработено кратко промотивно видео„ПОЛЗИ ДО НАЈБЛИСКИОТ ИЗЛЕЗ!!!“;
- Изготвена едукативна брошура „Ги учиме најмладите за опасностите и постапките за безбедност при пожари!!!“;•
- Изготвени планови за евакуација за 2-те основни училишта во општина Свети Николе ООУ„Свети Кирил и Методиј“ и ООУ „Гоце Делчев“;

КРАТКО ВИДЕО „ПОЛЗИ ДО НАЈБЛИСКИОТ ИЗЛЕЗ!!!“



БРОШУРА





ПРЕЗЕНТАЦИЈА

— Проект

ДПД Свети Николе успешно го реализира проектот „Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија!!!“, финансиски поддржан од страна на програмата на Европската унија за Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија во реализација на Механизмот за граѓанска отпорност, програма за директна поддршка за граѓанските организации и градење на нивните капацитети.



Од страна на проектниот тим, сите организациски структури на нашата ГО и координаторот на проектот, беа преземени сите неопходни мерки и активности за непречено и навремено реализирање на предвидената динамика за целокупната акција, при што беа успешно спроведени сите активности:

- Посетени и мапирани се сите 18 активни ДПД-а, на кои се потпишаа Меморандум за соработка и Декларација за формирање на Асоцијација.
- Од 17.10.2023г. до 20.10.2023 година во хотел Тино Свети Стефан - Охрид се одржа конференција за добри практики од најнапредните противпожарни системи од ЕУ/ИПА земјите (Република Австрија, Република Словенија и Република Хрватска).
- Споделени искуства со 4 постоечки мрежи во државата.
- Подготвена и испечатена Брошура за добри практики од најнапредните противпожарни системи од ЕУ/ИПА земјите во тираж од 100 изданија.
-Изработена, испечатена и дистрибуирана Противпожарна боенка во тираж од 665 примероци.
- Реализирана акција за чистење на излетничкото место наречено Бареш - Ѓуриште се реализираше со 30 учесници.
- Спроведена акција за пошумување на опожарена површина од изминатите години на место викано Богословец со 20 учесници.

— Конференција за добри практики Охрид



The conference was closed by the Minister of Defense Slavjanka Petrovska, who emphasized that volunteer firefighters with their humanity, selflessness and courage are a very important link in crisis management for dealing with fires and other natural disasters. The minister emphasized her most sincere commitment that VFDs are recognized and supported by the system, because they are the drivers of civil protection and are the best experts in their local communities.



Др. Михаел Халвакс / BR Dr. Michael Halwachs, MSc Republic of Austria



Марија Кунстељ Marija Kunstelj Republic of Slovenia



Стјепан Ковачек Stjepan Kovaček Republic of Croatia





Welcome speech by the director of the Crisis Management Center - Mr. Stojanche Angelov, who gave strong support for the formation of a functional, stable and sustainable NETWORK of VFDs in the country.

— Пошумување Богословец



— Чистење Бареш







АВТОСЕРВИС „ПЕЕВ“ СВЕТИ НИКОЛЕ

СЕРВИС, ФАРБАЊЕ И ДОНИРАНИ ГУМИ ЗА LANDROVER- FREELANDER

Извршен комплетен сервис, фарбање и донирани 4 зимски гуми за командно-теренско возило LAND ROVER - Filander од страна на еден од најголемите наши поддржувачи и член Влатко Пеев, сопственик на Автосервис “ПЕЕВ“ Свети Николе. Целата подготовка за фарбањето беше во реализација на членови на ДПД под водство на Александар Данев, фарбањето го направи компанијата „Ѓонис“ од Свети Николе





ТАВ-МАК ПРОБИШТИП

ДОНАЦИЈА НА 2-АКУМУЛАТОРИ

Донација на 2 (два) акумулуатора VESNA 75Ah за ПП-возило Mercedes 814D од страна на општествено одговорната компанија ТАБ-МАК Пробиштип; Со донацијата ќе се подобри мобилноста и оперативноста на единиците на ДПД при настапување на интервенции



ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО - ПОСТОЈНА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА - ДОНАЦИЈА НА ЛИЧНО-ЗАШТИТНА ОПРЕМА

Донација на 12 шлемови и 15 комбинизони за шумски пожари од страна на наштите колеги од ДПД Постојна од Република Словенија. Со донацијата значително се подобрија капацитетите со лично-заштитна ПП-опрема при настапи на шумски пожари и технички интервенции.





НАБАВЕНА ПРАВОСМУКАЛКА SAMSUNG VCC 4550

Набавена правосмукалка SAMSUNG VCC 4550 за одржување на хигиена во просториите на ДПД Свети Николе.





ЦИКП - ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ СКОПЈЕ

Донирани 2 користени десктоп компјутери од од страна на CRPM (ЦИКП) - Центар за истражување и креирање на политики Скопје.

ROY BARRACLOUGH - ДОНАЦИЈА НА ПИНГ-ПОНГ РЕКЕТИ

Донирани 2 (два) професионални пинг-понг рекети Carlton K9 од страна на Roy Barraclough од Operation Florian, преку квалитени спортски реквизити до подобра псохо-физичка подготвеност на членовите на ДПД.





СПОНЗОРСТВО ОД „МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ“ VIENNA INSURANCE GROUP

Финансиска поддршка од страна на општествено одговорната осигурителна компанија „Македонија осигурување“ VIENNA INSURANCE GROUP во износ од 10.000,00 MKD, за набака на неопходни материјали за одржување на нашите противпожарни возила и стекнување со потребната оперативност и мобилност



CRM- МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАЃАНСКА ОТПОРНОСТ

EU for Civil Resilience

НАБАВКА НА ИТ - ОПРЕМА ОД ПРОЕКТ

Во рамките на проектот „Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија!!!“финансиски поддржан од програмата Механизам за граѓанска отпорност на Европската унија се нанави следната ИТ - опрема:

производ
HP LaserJet Tank MFP 2602sdw Printer
External Rack USB 3.1 for SSD M.2 SATA Mediacom SSD
Projector Rigal Funflix RD-828 3800 Lumens 4000:1
Desktop PC Liquid Gaming i5-13400F/16GB DDR4/500GB
Notebook HP Pavilion 15 Ryzen7 7730U 16GB/512GB
Monitor 27" Dell S2721H FullHD IPS 75Hz Free-Sync
SSD M.2 Samsung NVMe 970 EVO Plus 1TB PCIe
Gaming Chair Genesis NITRO890 G2 Black

ТРАДИЦИОНАЛНО ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК БОГОЈАВЛЕНИЕ “ВОДИЦИ“ 2023

На ден 19.01.2024 година традиционално се одбележа Патрониот празник на ДПД, Богојавление „Водици“ на кој присуствуваа повеќе од 70 гости и проект менаџерот на стратешкиот партнер Operation Florian Г-дин. Steve Jordan. Главен покровител и спонзор на настанот повеќе од 10 години е општетсвено одговорната компанија Мечкуевска куќа „Пуже“ Свети Николе. Истиот традиционално го поддржуваат и следните општествено одговорни компании: Млекара „Николови“, МИК Свети Николе и Нимекс Скопје.







МЕЧКУЕВСКА КУЌА „ПУЖЕ“ СВЕТИ НИКОЛЕ

Традиционално спонзорство од страна на еден од нашите најголеми поддржувачи „Мечкуевска куќа - Пуже“ Свети Николе за прославата по повод патрониот празник „Богојавление“ и при настапи на сите инциденти.

МИК - СВЕТИ НИКОЛЕ

Традиционално спонзорство од страна на наш голем поддржувач „МИК“ за прославата по повод патрониот празник „Богојавление“ и при настапи на сите инциденти.

МЛЕКАРА НИКОЛОВИ - СВЕТИ НИКОЛЕ

Традиционално спонзорство од страна на наш голем поддржувач Млекара „Николови“ за прославата по повод патрониот празник „Богојавление“ и при настапи на сите инциденти.

ЕЛЕЈА ЗМАЈ - СВЕТИ НИКОЛЕ

Донација на разна железарска роба од страна на општествено одговорната компанија и наш долгогодишен поддржувач Елеја-Змај Свети Николе.

OPERATION FLORIAN - GREAT BRITAIN

Работна посета на 2 претставника на партнерската организација Операција Флоријан од Велика Британија. Истите остварија 6 посети и договорни состаноци со 2 доброволни противпожарни друштва и на 4 територијални противпожарни единици во државата, за реализација на идни донации на ПП возила, опрема и разни потребни основни и напредни обуки на пожарникарите.

КОНЕКТ - СКОПЈЕ

На ден 01.02.2023 година нашето друштво пристапи кон неформалната Мрежа за финансиска одржливост на граѓанските организации.

РАБОРИЛНИЦИ, ФОРУМИ, ОБУКИ И КОНФЕРЕНЦИИ ВО 2023 ГОДИНА

Учество на 40 наши членови на on-line работилници, форуми, работилници и обуки со физичко присуство, организирани и реализирани од МЦМС, Цивика Мобилитас, Конект Скопје, Граѓански ресурсен центар, Дирекција за заштита и спасување (ДЗС) и Центарот за управување со кризи (ЦУК) и ЦИКП - Центар за истражување и креирање политики;

- **КОНЕКТ-Скопје**; Партиципација на 5 наши членови на работилници и форуми: работилница за “Вештачка интелигенција“ која се одржа на 24.03.2023г.; Учество на обука за донации од бизниси и граѓани „Промени за одржливост“-почетно ниво на ден 26.06.2023г.; стручно советување и тестирање на платформата за групно онлајн донирање „Оп Оп“ на ден 25.07.2023г.; учество на промоција на проектот на УСАИД „Здружи се за заедницата“ на ден 23.08.2023г.;







- **ЦИВИКА МОБИЛИТАС** - Учество на 2 претставника на тематски форум „Средба за вмрежување“ од 08 до 09.05.2023г. Скопје; учество на 2 члена на „Национален форум на Civica Mobilitas”.


ЦИКП - ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ СКОПЈЕ


КОНФЕРЕНЦИЈА „УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ“

На ден 08.06.2023 година се одржа Национална конференција насловена “Управување со кризи и зајанување на локалните капицитети за спречување на насилство и насилен ектремизам”, организирана во рамки на проектот СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

На првиот панел на кој што учествуваа проф. Драгана Батиќ од Факултет за безбедност во Скопје, г-н Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи и г-н Кирил Михајлов, од Доброволното противпожарно друштво Свети Николе, беше утврдено дека системот за управување со кризи во Македонија, со оглед на фактот дека е воспоставен пред триесетина година, за кој се потребни темелни реформи и надоградување со цел да се оговори на новите предизвици што ги носат новите трендови на еден системски и поефикасен начин. Во тој поглед потребни се и правни и институционални измени. На панелот беше констатирано дека најголем проблем се човечките и материјално-техничките ресурси за успешно справување со сите видови на кризи. Со цел надминување на ваквиот недостаток, потребно е поголем фокус да се стави на доброволните противпожарни друштва, преку организицирање на граѓаните во рамки на граѓанскиот сектор, од причина што и постоечкото законодавстство го дозволува тоа. Приоритет на државата треба да биде промоција и обезбедување на овозможувачка средина со цел ваквите доброволни здруженија да бидат ефективен дел од системот за управување со кризи.







РЕАЛИЗИРАНИ 47 ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ

Реализирани 47 едукативни работилници во рамките на двата проекти ‘ „Ги учиме најмладите за опасностите и постапките за безбедност при пожари“ и „Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија!!!“







ИЗРАБОТЕНИ ПЛАНОВИ ЗА ЕВАКУАЦИЈА ЗА 2 ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ И ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“







ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2023

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	192.317,00			235.462,00
202	- - Потрошени материјали	43.420,00			106.466,00
203	- - Потрошена енергија	35.073,00			31.212,00
204	- - Други услуги	43.648,00			9.768,00
210	- - Други материјални расходи	70.176,00			88.016,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	7.492,00			317.384,00
212	- - Провизија за платен промет	5.392,00			13.175,00
214	- - Премии за осигурување				11.081,00
217	- - Негативни курсни разлики				5.431,00
219	- - Други расходи	2.100,00			287.697,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	89.990,00			5.190,00
224	- - Средства за опрема	89.990,00			5.190,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)				6.000,00
227	- - Помошти, донации и други давања на субјекти				6.000,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	289.799,00			564.036,00
236	- - Остварен вишок на приходи- добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	254.290,00			1.727.770,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	254.290,00			1.727.770,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	544.089,00			2.291.806,00
243	- - Приходи од камати и позитивни курсни разлики				1.065,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	288.949,00			2.036.451,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	255.140,00			254.290,00
250	**- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249**	**544.089,00**			**2.291.806,00**
252	**- - ВКУПНО (250+251)=239**	**544.089,00**			**2.291.806,00**

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	2.602.601,00	3.988.117,00	1.777.645,00	2.210.472,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	2.602.601,00	3.988.117,00	1.777.645,00	2.210.472,00
6	- - према	2.602.601,00	3.988.117,00	1.777.645,00	2.210.472,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	254.290,00	1.727.770,00		1.727.770,00
11	- - АРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	254.290,00	1.727.770,00		1.727.770,00
12	- - иро сметка	254.290,00	378.349,00		378.349,00
14	- - евизна сметка		1.349.421,00		1.349.421,00
42	**- - КУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)**	**2.856.891,00**	**5.715.887,00**	**1.777.645,00**	**3.938.242,00**
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	2.602.601,00			2.210.472,00
45	**- - еловен фонд**	**2.602.601,00**			**2.210.472,00**
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	254.290,00			1.727.770,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	254.290,00			1.727.770,00
69	**- - КУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)**	**2.856.891,00**			**3.938.242,00**

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис АОП	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
688	Приходи од членарини(< или Приходи од членарини(< или =на АОП 244 од БПР)	26.200,00			15.000,00
691	**Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)**				**1.761.451,00**

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	254.290,00			1.727.770,00
353	- - . ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	254.290,00			1.727.770,00
358	**- - ѓ) Дел за пренос во наредната година**	**254.290,00**			**1.727.770,00**

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис АОП	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2598	**- - 4.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место**				**2.291.806,00**



www.dpd.org.mk

Годишен
ИЗВЕШТАЈ
2023





facebook.com/dpd.org.mk

dpdsvetinikole@gmail.com

dpd_svetinikole

Цветан Димов 14
2220 Свети Николе